**Годишна конференција**

**Употреба на медијацијата – постигнати успеси и преостанати предизвици**

*16 септември 2022 година*

НАЦРТ ПРОГРАМА

***Контекст***

Од донесувањето на првиот Закон за медијација во 2006 година до денес има подобрување во користењето на медијацијата. Доцната примена на измените на законот од 2013 година открија одредени слабости со што се предизвика донесување на нов закон. Со стапувањето во сила на новиот Закон за медијација во јануари 2022 година, Министерството за правда го најави почетокот на кампањата под мотото „Има решение“, насочена кон промовирање на медијацијата, како алтернативен начин за решавање на споровите и за подигање свест меѓу граѓаните за полезноста на медијацијата. Исто така, во април 2022 година, врз основа на Законот, беа усвоени и објавени соодветни подзаконски акти. Дополнително, со усвојувањето на новиот закон со кој се предвиде формирање на Национален совет за медијација, орган на Владата на Република Северна Македонија, кој се очекува да биде независен и доследно да го обезбедува, следи и оценува квалитетот на работата на медијацијата во рамките на надлежностите утврдени со закон, беше избран и првиот национален координатор. Се очекува во следниот период доследно да се имплементира Законот и при спроведувањето на постапката за именување на членови на Националниот совет за медијација.

Паралено со погоре истакнатите законски измени и владини активности, во истата насока, се спроведоа истражувања и обуки во рамките на проектот, кои покажуваат дека постои значителна потреба од подобрување на квалитетот на медијаторите, како и поголем ангажман на судиите и обвинителите во областа.

Како се одвива имплементацијата на останатите законски утврдени надлежности и што е досега направено во рамките на кампањата за унапредување на медијацијата? Дали сите релевантни чинители работат доволно на промоција на медијацијата? Што треба да се преземе со цел подобрување на квалитетот на медијаторите?

***Цели на конференцијата***

- Да се презентираат наодите од анализата и да се овозможи детална дискусија за состојбите за употребата на медијацијата;
- Да се прикажат досега преземените мерки од страна на релевантните засегнати страни и идните мерки што се планираат да се преземат со цел да се подобри употребата на медијацијата;
- Да се идентификуваат преостанатите чекори што треба да се преземат за подобрување на квалитетот на медијаторите.

Конференцијата се одржува како дел од проектот „Медијација, без дилема!“, кој Институтот за европска политика (ЕПИ)- Скопје го спроведува во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители ,,Павел Шатев’’, Комората на медијатори на Република Северна Македонија и Холандската федерација на медијатори. Проектот е финансиран од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје. Проектот има за цел да придонесе за промоција и зголемена употреба на медијацијата преку заеднички акции, дијалог и застапување врз основа на докази, како и да ги зајакне капацитетите на медијаторите, судиите, обвинителите и Комората на медијаторите.

Kingdom of the Netherlands

*Програма*

| | |
|---|---|
| 10:00 – 10:30 | Регистрација на учесници |
| 10:30 – 10:45 | Соопштение за медиуми |
| 10:45- 11:00 | **Воведни обраќања** |

- Д-р Симонида Кацарска, директорка на Институтот за европска политика
- Проф. д-р Никола Тупанчески, министер за правда на Република Северна Македонија (дсп)
- Н.Е., г-дин Дирк Јан Коп, амбасадор на Кралството Холандија во Скопје

11.00–12.30 **Прва сесија: Употреба и свесност за медијација**

*Презентација на клучните наоди од Анализата за квалитетот на медијацијата во Северна Македонија*

- Проф. д-р Гордана Лажетиќ, авторка на Анализата
- Проф. д-р Олга Кошевалиска, авторка на Анализата
- Проф. д-р Лазар Нанев, автор на Анализата

*Следни чекори и активности на Комората на медијатори за поголема примена на медијацијата*

- г-а Гордана Богеска, Претседателка на Комората на медијатори на Република Северна Македонија

*Како до зголемена упатеност на медијација од страна на судиите и јавните обвинители?*

- г-дин Бетим Јахја, судија во Основниот суд Тетово
- г-дин Елвин Вели, јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје

**Дискусија**
*Модератор: Ангела Делевска, проектна асистентка во Институтот за европска политика*

12:30 – 13:00 **Кафе пауза**

13:00 – 14:30 **Втора сесија: Квалитет на медијација**

*Идентификувани слабости во квалитетот на работата на медијаторите*

- г-а Хеа Ван Кломпенбург, медијатор/експертка од областа на медијација
- г-а Марјон Куиперс, медијатор/експертка од областа на медијација

*Како да се надминат идентификуваните слабости во квалитетот на работата на медијаторите?*

- Проф. д-р Јан ван Цвитен, претседател на Холандска федерација на медијатори

*Какви чекори треба да преземат релевантните чинители?*

- Проф. д-р Наташа Габер Дамјановска, директорка на Академијата за судии и јавни обвинители
- Д-р Јелисавета Георгиева Јовевска, национална координаторка за медијација (дсп)

**Дискусија**

Kingdom of the Netherlands

*Модератор: Ардита Абази Имери, програмска директорка во Институтот за европска политика*

| | |
|---|---|
| 15:00 | **Коктел** |

**Поканети:**

- Медијатори;
- Претставници од правосудниот сектор;
- Претставници од академската заедница;
- Претставници од бизнис заедницата;
- Претставници на дипломатските мисии во Република Северна Македонија;
- Граѓански организации.

**Место**

DoubleTree by Hilton Skopje

**Правила на дебатата**

Говорниците ќе имаат 10 минути за обраќања. Сесија со прашања и одговори ќе следи по завршетокот на сите обраќања.

**Логистика**

Превод ќе биде обезбеден од македонски на англиски и албански јазик и обратно.

Kingdom of the Netherlands